Бр. 33-34 2012

СПИСАНИЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА

# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД

**Национална установа Универзитетска библиотека**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**



***Работно време:***
***од понеделник до петок***
***од 7 до 20 часот***
***сабота***
***од 8 до 15 часот***

***Упис: 150 денари***

Двајца пријатели не се сакаат на ист начин. Едниот бакнува, а другиот го подметнува образот.
Ками

Парите се како жена: за да ги сочуваш треба да се занимаваш со нив, инаку ќе усреќат друг.
Сафир

Само една работа на светот е полоша од озборувањето, да не бидеш озборуван.
Миксат

Правило на мудреците е да ги остават работите, пред работите да ги остават нив.
Грацијан

Бидејќи не е можно да се менуваат луѓето, се менуваат законите.
Блејк

Зависта не е ништо друго туку омраза кон туѓата супериорност.
Монтегаза

Жената останува без зборови само кога се бакнува.
О'Хенри

Духот го прави човека благороден, а не потеклото.
Сенека

Внимавај со извинувањето, да не ја направиш грешката поголема.
Шекспир

Човекот е создаден да работи и да се бори; кој не прави така, мора да пропадне.
Тесла

Колку што повеќе се сакаш себе си, толку повеќе си сопствен непријател.
Ебнер-Ешенбах

**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**
СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА
*
**Издавач**
Националната установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Ленинова 39
*
**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски, директор
*
**Издвачки совет:**
д-р Николче Вељановски,
претседател
Јоланда Бошевска
виш библиотекар
Гордана Марковска
*
**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски
*
**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски
*
**Лектура**
Ивана Коцевска
*
**Фотографии**
Драги Кабровски
*
**Компјутерска обработка**
Пеце Илиевски
*
**Печати**
Академски печат - Скопје
*
**Тираж**
300 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел/факс.: 047/220-208;
Тел.: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 047/232-999
www.nuub.mk
e-mail: nuub@nuub.mk

# СОДРЖИНА

## ОД МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

РЕАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ „АРИСТОТЕЛ“
*Анета Стефановска* . . . . . . . . 2

РЕАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ИСТАНБУЛ
*Анета Стефановска* . . . . . . . . 3

## БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ

РАЗГОВОР СО НАУМЕ ЃОРГИЕВСКИ, ДИРЕКТОР НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ БИТОЛА
*д-р Николче Вељановски* . . . . . . . . 4

МЕДИЈАТЕКА ВО ВРОЦЛАВ
*Марија Малгожата Мачковска* . . . . . . . . 8

10 „ЛЕСНИ“ ПРАВИЛА НА ЛИДЕРСТВОТО
„VERBA VOLANT, SCRIPTA MANENT“
*м-р Светлана Талеска* . . . . . . . . 9

39. СОБРАНИЕ НА БЗМ И СЕМИНАР НА ТЕМА:
СОВРЕМЕНОТО БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ“
*Силвана Јакимова, библиотекар Градска библиотека*
*„Браќа Миладиновци“- Скопје* . . . . . . . . 11

13. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ 2012“
*Јоланда Бошевска* . . . . . . . . 12

КНИЖЕВНИ ПАМЕТЕЊА НА ТУМБЕ КАФЕ
*Петре Димовски* . . . . . . . . 12

80 – ГОДИНИ ЖИВЕЕЊЕ И 45 ГОДИНИ ПИСАТЕЛСКО ТВОРЕШТВО
*д-р Николче Вељановски* . . . . . . . . 13

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ПРОМОЦИИ ИЗЛОЖБИ И ПРЕДАВАЊА
*Фатма Бајрам埃земовска* . . . . . . . . 16

ДРУГИ АКТИВНОСТИ – ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА
*Драги Кабровски и д-р Николче Вељановски* . . . . . . . . 20

ПОСВЕТУВАЊЕ ВНИМАНИЕ НА ЗАШТИТАТА НА КНИЖНИОТ ФОНД
*Ленче Андоновска* . . . . . . . . 22

ДА ГО ПОТТИКНЕМЕ ЧИТАЊЕТО КАЈ ДЕЦАТА!
*Фатма Бајрам Аземовска* . . . . . . . . 22

СЕДМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА ВО БИБЛИОТЕКАТА
*д-р Николче Вељановски* . . . . . . . . 25

## ЧУДАТА НА СВЕТОТ

КОЛОСЕУМОТ – СИМБОЛОТ НА РИМ
*Лидија Мирчевска* . . . . . . . . 29

## ИНТЕРВЈУ

РАЗГОВОР СО ПИСАТЕЛОТ ПЕТРЕ ДИМОВСКИ . . . . . . . . 30

# РЕАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ „АРИСТОТЕЛ“

*Приредила*
*Анета Стефановска,*
*библиотекар советник*

На седницата на стручниот совет на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола одржана на 19.06.2012 година разгледувајќи ги проектите за меѓународна соработка донесе заклучок да се воспостави меѓународна соработка со Универзитетската библиотека при Универзитетот „Аристотел“ – Солун, Р. Грција. Овој проект е финансиран од Министерството за култура. Проектот за продолжување на



меѓународната соработка со Библиотеката „Иван Вазов“ од Пловдив, Р. Бугарија кој и покрај тоа што беше доставен до Министерството за култура беше одбиен.

Стручниот совет разгледувајќи ги и двата проекти донесе заклучок делегацијата која ќе патува во Солун, Р. Грција со истите средства доделени од Министерството за култура за реализација на проектот за склучување на меѓународен договор со Универзитетската библиотека при Универзитетот „Аристотел“ – Солун, Р. Грција, да ја посети и Библиотеката „Иван Вазов“ од Пловдив, Р. Бугарија.

На 26.06.2012 година делегацијата во состав: Наум Ѓоргиевски – директор, Анета Стефановска –





вработена во секторот за меѓународна соработка, Благој Николов – раководител на сектори и Зоран Јанакиевски – вработен во секторот за развој на библиотекарството замина во утринските часови за Солун, Р. Грција.

Веднаш во пристигнувањето во Солун ја посетивме Универзитетската библиотека при Универзитетот „Аристотел“ – Солун, Р. Грција и воспоставивме првични контакти со директорот на Универзитетската библиотека. Претставени беа библиотеките од страна на директорите за нивната функција и работење со оглед дека се и двете универзитетски библиотеки и се разговараше за взаемна соработка при приготвување на проекти од заеднички интерес. На крајот од средбата се договорија утрешниот ден да се искористи во посета и запознавање со работата и функционирањето на Универзитетската библиотека при Универзитетот „Аристотел“ – Солун, Р. Грција, и поставување на изложба на наши изданија и нивно подарување со кое во Библиотеката ќе бидеме присутни и презентирани како град и држава.

На 27.06.2012 година во Библиотеката беше поставена изложба на околу триесеттина изданија на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, за потоа да се премине кон разгледување и детални информации за работењето на Универзитетската библиотека при Универзитетот „Аристотел“ – Солун, Р. Грција. На крајот, изложените изданија на нашата библиотека свечено ѝ беа подарени на директорот на Библиотеката во Солун.

На 28.06.2012 година, делегацијата во утринските часови замина во Пловдив, Р. Бугарија и пристигна во вечерните часови. Следниот ден посетена беше библиотеката „Иван Вазов“ од Пловдив, поставена беше изложба на триесеттина наслови, изданија на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Пред поголем број на присутни во салата за промоции поздравни говори одржаа директорот на Пловдивската библиотека и директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола со краток осврт





за работењето и функцијата на нашата библиотека.

Потоа збор зеде Анета Стефановска и ја информира публиката за работата и функцијата на новоотворениот сектор за меѓународна соработка при нашата библиотека и за бројните посети на библиотеки низ Европа и воспоставување на соработка со истите.

Благој Николов ги претстави двете изданија на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, Библиотеките во Битола и Библиотеките во црквите и манастирите во Преспанско – Пелагонискиот регион. По завршувањето на свечениот дел делегацијата се запозна со работењето на библиотеката „Иван Вазов“ и размени искуства од работата во библиотекарството.

Одржан беше прес од бугарски електронски медиум на кој покрај директорот на Пловдивската библиотека пообемно претставување на нашата Библиотека даде директорот Науме Ѓоргиевски. Со оваа библиотека веќе е потпишан меѓународен договор за соработка со кој веќе имаме размена на посети на делегации и од двете страни во изминатиот период.

## РЕАЛИЗИРАНА СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ИСТАНБУЛ

*Приредила*
*Анета Стефановска,*
*библиотекар советник*



Разгледувајќи ги проектите за меѓународна соработка пратени од нашата библиотека, Министерството за култура на Република Македонија одобри и го финансираше проектот за воспоставување меѓународна соработка со İstanbul Üniversitesi Kütüphane ve Dokümantasyon Daire Başkanı - Р. Турција.

На 12. 08. 2012 година, трichлена делегација од Библиотеката и претставник од Ректоратот замина во вечерните часови за Истанбул, Р. Турција.

Веднаш во пристигнувањето во Истанбул ја посетивме Универзитетската библиотека и воспоставивме првични контакти со директорот d-r. Pervin Bezirci. Меѓусебно беа претставени библиотеките и се разговараше за взаемна соработка, за приготвување на проекти од заеднички интерес, размена на литература. На крајот од средбата се договорија утрешниот ден да се искористи за потпишување на Договорот за заедничка соработка.

Следниот ден на 14. 08. 2012 година при повторната посета на Библиотеката склучен е Договорот за меѓународна соработка и реализирани беа задачите предвидени од претходниот ден. Се постави изложба од наши изданија, која и покрај летните одмори беше проследена од поголем број вработените и на членови на библиотеката. Изложените книги им беа подарени, со кои во Библиотеката ќе бидеме присутни и презентирани како град и држава. Вработените не информираа за работата и функционирањето на нивната библиотека.

Разговарано беше за вклучување на нашата Библиотека како партнер во европски проект со кој тие конкурираат, а се однесува на реставрација и конзервација на стари ракописни книги и нивна презентација. Проектот треба да биде реализиран кон крајот на 2012 година, во кој нашата Библиотека зеде активно учество.





Во понатамошните разговори од наша страна им беше предложено, заднички да изготвиме проект – Научна средба – Потеклото, родителите и животот на Ќемал Ататурк – периодот на неговото детство и образование. Научната средба би се одржала во Битола во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола, следната година (2013,) за која тие беа многу заинтересирани.

На 15. 08. 2012 година на предлог на еден од домаќините prof. d-r Mustafa Bereketli беше посетена и општината Municipality of Adalar Belediyesi, каде што со домаќинот, заменик градоначалник Mücel Ayranci, разговаравме за можност за аплицирање на заеднички проекти пред европските фондови, за кој тој беше заинтересиран.

# РАЗГОВОР СО НАУМЕ ЃОРГИЕВСКИ

## ДИРЕКТОР НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА

Роден е во 1956 год. основно и средно образование завршил во Битола. Филозофски факултет група историја на уметност со археологија на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

**Од кога сте вработени во Библиотеката и на кои рабони места сте поминале?**

Во библиотеката сум вработен од 1986 год. На почетокот како и секој нововработен работев две години во одделот за издавање на книги за возрасни.После тоа добив ново работно место во одделот за набавна политика која работа ја извршував се до доаѓањето на функцијата директор Во 2006 год. , во меѓувреме совладувајќи ги сите процеси во библиотечната дејност.

**Кога работевте на набавната политика дојдовте до идеја да организирате „Саем на книгата" во Битола, кажете ни нешто повеќе за тоа?**

Со доаѓањето на работното место на набавна политика на почетокот ми беше да воспоставам контакт со сите издавачки куќи од Македонија и со



издавачките куќи од бивша Југославија. Како што одминуваше времето одејќи по саеми на книги во Македонија и надвор од Македонија во мене тлееше идејата да организираме Саем на книгата и во Битола.Така да првиот саем на книга го организиравме во 2004 год. во Центарот за култура немајќи соодветен простор во нашиот град за организирање на вакви манифестации во градот.

Почнавме скромно со мотив и желба да се организира некаков мини-саем, но се случи спротивното - за учество на саемот се пријавија сите издавачки куќи од Македонија и се наметна проблемот со просторот. Бевме принудени да ги ограничуваме издавачите да не ја носат нивната цела продукција затоа што немаше простор.

Така да од година во година саемот ги променуваше локациите во бавчата на Домот на АРМ, во Музеј

на град Битола, во Холот на Театарот, за конечно последните пет години да го најде своето место пред Народниот Театар на отворен простор и секоја година во последната недела од месец мај.

Исто така последниве неколку години во летниот период во склоп на Битолско културно лето организираме мини саем на книги „Битола чита“.











**Која беше Вашата улога во формирањето на КНИИЦ во Библиотеката?**

Мојата улога во формирањето на КНИЦ беше во тоа што директно бев вклучен во реализација на тој проект и одреден временски период бев и **претседател на здружението**.

**Кога дојдовте на функција директор на НУУБ – Битола во каква состојба ја затекнавте Библиотеката и која беше првата цел што си ја поставивте?**

Со самото мое доаѓање на директор на НУУБ „Св.Климент Охридски“, библиотеката ја затекнав во многу лоша состојба. Прво што направив вклучувајќи ги сите вработени генерално чистење на целиот објект и отстранување на се она што е непотребно. Одма само по еден месец го реновиравме холот на библиотеката со што веќе добивме еден нов лик на самиот влез.





**Во време на Вашето директорување беа набавени најмодерните компјутери со ЛЦД екрани, ЛЦД - ТВ и ЛЕД – Мониторот пред влезот на Библиотеката, како и за прв пат беше поставен сат за автоматска евиденција за работно време, кажете ни нешто повеќе за нивната реализација.**

Во мојот шест-годишен мандат се реализирани доста проекти. Прво да ги напоменам двете донации: Отварање на библиотечна музејска поставка единствена во нашата држава и целосно осветлување на зградата со поставување на ЛЕД монитор на самиот влез, и двата проекти донација од ЕЛЕМ Македонија.

Исто така за прв пат беше поставено електронско -автоматско евидентирање на вработените.

**Дали можете да се сетите кои инвестициони проекти сте ги реализирале во Библиотеката?**

Конзервација и реставрација на фасадата на старата зграда на библиотеката со промена на прозорците. Целосно ентериерно уредување на стариот дел на библиотеката , промена на подови, промена на нови таваници и комплетно молеро-фарбарски работи.





**Ќе ни кажете ли нешто повеќе за проектот надградба на новото крило на Библиотеката?**

Проектот „Надградба на библиотеката“ финансиран од Владата на Р.Македонија како капитална инвестиција делумно е реализиран и се добија нови 500м$^2$ површина исклучиво наменети за читателите.

Во новиот дел ќе бидат сместени читални за корисниците, предвидена е сала за промоции, семинари, научни собири и сл., која ќе биде со можност да има и симултан превод.



Исто така отворена е просторија во која ќе бидат сместени сите дигитализирани материјали. Истовремено е целосно реновиран и постоечкиот простор во новиот дел со нови санитарни чворови, замена на сите подови, и целосно молеро-фарбарски работи на фасадата и во внатрешните простории.

**Во последните години беа реализиарани повеќе проекти од меѓународната соработка, кои се тие?**

Да, точно така беа реализирани повеќе проекти од меѓународна соработка: Во неколку наврати во културниот центар на Македонија во Софија, соработка со библиотеката Иван Вазов од Пловдив, воспоставена соработка со библиотеката од Корча Албанија, со Сплит, Дубровник и Задар во Р. Хрватска, воспоставена соработка со библиотеките во Москва Русија, Братислава Словачка, Прага Чешка, Едрене и Истамбул Турција, Вроцлав Полска, Виена Австрија и Солун Грција. Учество на конференциите на ИФЛА во Милано-Италија, Гетеборг Шведска и Сан Хуан Порторико.

На сите овие средби се презентирани активностите на НУУБ„Св.Климент Охридски“ од Битола, презентација на градот Битола и на Р.Македонија.

Заради големата активност беше отворен и нов сектор Меѓународна соработка.

**Автор, односно коавтор сте на повеќе книги, изданија на Библиотеката, кои се тие?**

„Битола низ вековите“- коавтор, „Библиотекарството во Битола“ - научен труд, „Библиотеките во Битола“ - коавтор, НУУБ „Св.Климент Охридски“ во меѓународната соработка - коавтор, „Значајни



Културен информативен центар на РМ во Софија, Р. Бугарија во 2007 год.



Прием кај амбасадорот на Р. Македонија во Прага, после посетата на Националната библиотека на Чешката Република во 2010 год.

личности", „Значајни личности писатели", „Значајни личности култура", „Значајни личности образование и наука"-еден од авторите, Ванчо Николески „Од ракопис до книга" - уредник, Ванчо Николески „Раскази и народни приказни" - уредник.

**Дали сметате дека стручниот кадар во Библиотеката е доволно ангажиран во работата?**

И колку да задоволува струшниот кадар, секогаш тежнееме кон повеќе, а не само што мислам, но и сум сигурен дека можеме повеќе.

**Библиотеката е постојан учесник на БИТ – Фест, со кои проекти сме учествувале?**

Да, секоја година Библиотеката е вклучена со повеќе манифестации на БИТ-Фест.

**Дали сметате дека токму Вие сте најуспешниот директор досега кој најмногу успеал да ја популаризира Библиотеката како по просторното уредување, така и преку големиот број настани и издавачаката продукција на Библиотеката?**

Нескромно е да кажам од моја страна дека сум најуспешен директор, нека судат другите за мене и за моето директорување, но мислам дека времето ќе покаже кој колкав придонес имал во целокупниот развој на нашата институција.

Сакам да напоменам дека во овај период се издадени 30 наслови на книги што го надминува бројот од основањето на билиотеката до денес,

**Се вели дека за Вашиот успех во голема мера е заслужна г-ѓа Анета Стефановска, библиотекар советник, едно време член на Парламентот на РМ и денес член на Државната изборна комисија, или се тоа само гласини?**

Да, точно така без несебичната поддршка на Анета Стефановска доста проекти немаше да бидат реализирани без нејзиното лобирање.

**Дали сте строг како директор и што најмногу Ви пречи кај вработените, не препознавате ли во нивните однесувања и некоја своја одлика што сте ја имале кога не сте биле на директорска функција?**

За себе мислам дека сум доста толерантен, а тоа што најмногу ми пречи, можеби проблемот е во мене што јас како личност сум доста прецизен и принципиелен и одговорен кон работите. Дали препознавам некои одлики од времето кога не сум бил директор, одговорот е да, но некогаш работите треба да бидат и спротивни на моето мислење.

**Како библиотекар и како директор дали сте добиле некакво признание или награда за Вашата работа?**

2002 год. бев прогласен за најдобар библиотекар меѓу двата саеми на книги во Скопје, и многу други пофалници и благодарници. Наградата на градот Битола „4-ти Ноември".

Во областа на библиотекарството сум ги достигнал највисоките титули-Библиотекар советник и директор на една од најголемите библиотеки во Македонија.

**Освен директор, дали имате некоја друга амбиција, желба што би сакале да Ви се оствари на професионален план, односно кои се Ваште планови за во иднина?**

Моите амбиции и планови се да го доврешам она што сум го започнал во библиотеката да се заокружи во една целина.

*Разговорот го водеше д-р Николче Вељановски*

# МЕДИЈАТЕКА ВО ВРОЦЛАВ

*Приредила*
*Марија Малгожата Мачковска,*
*виш библиотекар*



Мултимедијалната библиотека - Медијатека е формирана во 2004 година во Вроцлав во рамките на проектот на германската Фондација Бертелсман во соработка со градските власти и со Општинска авна библиотека од Вроцлав. Таа е прва мултимедијална библиотека за млади читатели која во рамките на својата понуда има богат книжен фонд како и мултимедии – вкупно над 30.000 позиции.

Во мултимедијалните збирки на Медијатеката читателите ќе најдат филмови, ДВД, БЛУ РЕЈ, музички плочи, аудиобуки, компјутерски игри како и електронски едукативни програми. Библиотеката исто така овозможува достап до електронската база на книги – И Бук (E-book) која ја користат многу читатели.

Понудата на Медијатеката е насочена најмногу до младите луѓе на возраст од 13 до 25 години, но библиотеката можат да ја користат сите заинтересирани. Медијатеката на своите корисници им овозможува достап до интернет на 13 компјутерски места. Читателите можат да ги добијат сите информации во врска со дејноста и понудата на Медијатеката во оделот за информации како и на професионално изработената интернет страна.

Во грижа за потребите на читателите обезбедено е брзо и комплексно добивање на информации, бесплатен достап до копјутерските места со интернет и можност за враќање на позајмените позиции во деноноќен трезор.

Медијатеката не е само библиотека туку и место на средби и интересни културни настани. Библиотеката се ангажира во многу општествени проекти како пријателско,отворено и толерантно место. Такви проекти се на пр. Купи му книга на детето, Академија на Е-сениорот или Напоредник Нула (Вроцлавски патувачки фестивал). Се организираат разни изложби, фестивали и авторски средби како и средби со видни луѓе.



Елемент кој ја истакнува Медијатеката е Мулти Центарот – интерактивен центар за едукација чија цел е дополнување на знаењето стекнато во традиционалниот систем на образование и Language Cafe кое нуди конверзација со нејтив спикери. Мулти Центарот нуди атрактивни активности со примена на мултимедијални едукативни програми од разни области на науката.

Програмите на едукација во Мулти центарот наменети се за разни старосни групи. Исто така тие се прилагодени и за обука на учители.

Поканувани се организирани групи од вроцлавските школи и предучилишни установи на заедничко учење преку забава во Мулти центарот. Сите активности организирани во тоа место се бесплатни.

Во текот на една година Медијатеката активно ја користат над 10 000 лица. Тоа е резултат на нејзиниот професионален пристап и богата понуда.

Издадени се на корисниците седум пати повеќе медии во просекот од другите библиотеки во Вроцлав.

Успешната работа на Медијатеката во Вроцлав придонесе вниманието на Советот на градот да се насочи и на други вроцлавски библиотеки при што беше прифатена програма за реструктуризација на цела мрежа на градски библиотеки до крајот на 2012 година.

По завршувањето на соработката со Фондацијата Бертелсман во 2007 година беше подготвен специјален извештај кој ги сумираше активностите на три модели на библиотеки: median@age од Дрезден, Planeta 11 од Олштин и Медијатека од Вроцлав. Од извештајот произлегува дека Медијатека има најинтересна понуда на збирки и активности кои се најдобро прилагодени кон потребите на корисниците.

Целта на функционирањето на Медијатеката е создавање за младите луѓе пријатен простор за размена на мисли и погледи, место каде можат да реализираат важни за нив проекти и да ги продлабочуваат





своите пасии и заинтересирања. Се посветува голема грижа читателите да бидат секогаш исполнети од понудените услуги и со задоволство да доаѓаат во библиотеката.

Освен постојано вработените во библиотеката работат и волонтери. Помагаат во секојдневните обврски при средување на книгите, обработката на нови колекции, организацијата на разни проекти како и промоцијата на Медијатека на фејсбук.

При испитувањето на сатисфакцијата читателите на Медијатека за најатрактивно го прогласија позајмувањето на електронски медии, деноноќната можност за враќање на медиите, современиот изглед на ентериерот и пред се компетентната и пријатна услуга во Медијатеката.

Медијатеката - како што кажуваат корисниците- е посебно место каде што секој ќе го најде својот омилен филм, книга, музика...



# 10 „ЛЕСНИ“ ПРАВИЛА НА ЛИДЕРСТВОТО „VERBA VOLANT, SCRIPTA MANENT“

*Приредила*
*м-р Светлана Талеска,*
*виш библиотекар*

Она што еден народ го прави вреден за почитување, она што значи култура и традиција во живеењето, показател на културниот развој на една земја и на нејзината историја како и показател на цивилизацискиот напредок, тоа несомнено се книгите и напишаниот збор. Токму затоа, библиотеките како чувари на тие цивилизациски вредности и културни показатели, претставуваат основни двигатели во културното, образовното, информациското и едукативното живеење на заедницата.

Занимавањето со библиотекарство претставува одговорна и многу сложена задача, со многу побарувања и предизвици поставени пред неа. Покрај едукативната подготвеност за извршување на стручниот дел од работата, библиотекарите мора да бидат подготвени и за вешта и успешна професионална комуникација. Без разлика дали таа комуникација се однесува на корелацијата на внатрешно - надворешните односи или се однесува само на внатрешните комуникациски релации, мора пред сé да се темели врз работната етика. Логичен е заклучокот дека етиката и библиотечното работење се во тесна врска и корелација. А бидејќи креирањето на позитивни и благопријатни услови за работа пред сé е задача на менаџерот, многу е важно секој менаџер да знае што треба да стори за да создаде етичка деловна средина во која субјектите во работниот процес со своето етичко однесување во меѓусебната корелација, ќе создаваат пријатна работна и организациска клима.

Поаѓајќи од мојата стручна оспособеност во третирањето на оваа проблематика, како м-р по Менаџмент во областа на библиотекарството, ќе се обидам да дадам кратко видување на потребните карактеристики кои го заокружуваат градацискиот процес на раководење и од класичен раководител, менаџерот го претвораат во лидер.

Улогата која менаџерот ја има во водењето на организацијата и создавање на услови за нејзино успешно функционирање и напредување е многу значајна, комплексна и ни малку едноставна. Не

постојат однапред изготвени правила кои би го покажале патот кон успехот. Секоја работна организација е засебен „организам", кој живее во свој ритам. Истото се однесува и на библиотеката, која има свои општи карактеристики и група од вработени со свои одлики и карактерни особини. Да се усогласат сите тие карактеристики и карактери и да се насочат кон една посакувана цел, која ќе гарантира успешно изшување на работата, сето тоа е обврска на менаџерот. За успешно да се справи со предизвиците и да ја спроведе својата законска обврска во дело, секој менаџер поседува одредена моќ, која му е дадена за да управува и со тоа го става во надредена положба.

Но, она што менаџерот го прави лидер не е дадената моќ, туку здобиеното почитување и стекнатата доверба кај неговите следбеници. А тоа се постигнува преку постојано усовршување, лична надградба, развивање нови вештини и постојано одржување чекор со новите достигнувања во професијата, бидејќи лидерството пред сé е одговорност, а не ранг, привилегија и титула. Вработените го следат лидерот бидејќи тој покажал и докажал дека има визија, јасно поставена цел и дека ги знае начините и пристапите за нејзиното остварување. Лидерот пред сé е следен поради неговата сопствена природа и вредностите кои ги има (посветеност на организацијата, лојалност, правичност, комуникациски вештини, аналитичност, визионерство, креативност, моќ за убедување, самоконтрола, воздржаност итн.), а не поради титулата или организациската улога. Лидерот раководи преку влијание, а не преку авторитет. Силниот лидер не манифестира сила, тој охрабрува, инспирира, дава енергија, бидејќи и самиот е енергичен, динамичен, креативен и мотивирачки ангажиран. А мотивацијата на вработените е еден од основните предуслови за успешно извршување на работата, внатрешен двигател за усовршување на организацијата и нејзиното движење напред.

Во процесот на раководење, успешните менаџери не се потпираат само врз законските акти, нормите и правилата за однесување предвидени со законот. Успешниот менаџер има прецизно чувство во применувањето и отстапувањето од таквата законска регулатива. Се разбира, тоа никогаш не смее да предизвика негативно влијание врз севкупниот работен процес ниту да го загрози индивидуалниот интегритет на поединецот.

Согледувајќи ја важноста од совладувањето и применувањето на начините на менаџирање и нивното влијание врз успешноста на организацијата, многу се дискутирало и истражувало во сферата на менаџментот. Покрај огромниот број на дефиниции, теории, стручни толкувања и научни пристапи, сепак во секојдневното практицирање на менаџментот, доволно е менаџерот да се раководи од неколку едноставни, но многу корисни правила на однесување кои ги предлага американскиот авторитет во областа на менаџерските мотивирачки техники - Џејмс К. Ван Флит, а кои значително би му ја олесниле работата во процесот на интерперсоналната комуникација и во подигањето на квалитетот на работењето.

10 „лесни" правила на лидерството:

**Пожелно однесување:**

1. Почитување и соработка со вработените
2. Давање на личен пример што ќе се следи
3. Подеднакво користење на вештините и способностите на вработените
4. Објективна проценка на својата работа
5. Доследност во спроведувањето на одлуките
6. Обрнување внимание на жалбите и поплаките од вработените
7. Постојано информирање на вработените за работата на организацијата
8. Одбегнување да се користи позицијата за лична корист
9. Упатување искрени пофалби и награди кон вработените
10. Соработка, заедничко донесување на одлуки, тимска работа

**Недозволено однесување:**

1. Користење на диктаторска комуникација
2. Покажување моќ и заканување
3. Јавно критикување
4. Преокупираност со хиерархија
5. Неконтролирано подигање на гласот кон вработените
6. Употребување на вулгарности
7. Дискриминаторско однесување по која било основа
8. Омаловажување и исмевање
9. Злоупотреба на трудот
10. Управување со предизвикување страв

Применувањето на овие едноставни правила на однесување, културното и професионалното комуницирање, меѓусебното почитување, колегијалноста, професионалноста и примената на деловната етика воопшто - тоа се единствено исправните начини на однесување, преку кои ќе го зачуваме дигнитетот на професијата и личниот дигнитет на личноста и ќе го подигнеме угледот на библиотекарството и библиотекарската професија.

# 39. СОБРАНИЕ НА БЗМ И СЕМИНАР НА ТЕМА: СОВРЕМЕНОТО БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ“

*Силвана Јакимова, библиотекар*
*Градска библиотека*
*„Браќа Миладиновци“- Скопје*



39. Годишно собрание на Библиотекарското здружение на Македонија, оваа година се одржа на 22 и 23 мај во Битола, во хотел „Премиер“ со почеток во 11 часот. Собранието го отвори и и присутните ги поздрави директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола, Науме Ѓорѓиевски, кој воедно беше и домаќин на овогодинешното собрание.

Програмата за собранието ја изнесе д-р Николче Вељановски, претседател на Здружението на БЗМ. Темата на Собранието оваа година беше „Современото библиотечно работење“. Присутни беа библиотекари од повеќето библиотеки во Македонија.

Програмата за двата дена ја изнесе д-р Николче Вељановски, претседател на Здружението. Веднаш се премина на спроведување на програмата за првиот ден. Започна семинарот на тема: **„Современото библиотечно работење“.** Трудови презентираа: м-р Вилма Јованова, виш библиотекар („Мозаикот услуги ги прави библиотеките различни од книжарниците“, Науме Ѓоргиевски, библиотекар советник („Современото библиотечно работење во високошколските библиотеки“), Анета Стефановска, библиотекар советник („Меѓународната соработка на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола), Јелисавета Костадинова, виш библиотекар и Јовица Тасевски го претставија трудот на м-р Жаклина Ѓалевска, виш библиотекар, Валентина Дојчиновска, виш библиотекар и Јовица Тасевски („Насоки за определување нормирани облици на лични имиња на автори согласно препораките за транслитерација на кириличното писмо во латинично писмо“), Цветанка Дамјановска, библиотекар советник („Некои искуства од работата на Роднокрајните библиографии во Нацоналната установа –Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Битола, Јоланда Бошевска, библиотекар советник („Роднокрајната библиографија – проект на предизвик и задоволство“), м-р Аница Глигорова Милева („Библиотеките во дигиталниот свет“) и Марко Цуцуловски („Книги за сто денари“), беше прочитан текстот извадок од трудот на Елена Никодинова „Светскиот ден на книгата и авторското право – 23 април празник за сите нас“ од д-р Николче Вељановски.



Вториот ден, (23 мај беше работниот дел на БЗМ. Претседателот на БЗМ, д-р Николче Вељановски поднесе Извештај за работата на БЗМ за 2010-2012, со посебен осврт на финансискиот дел и проблемите со кои се соочуваше здружението во овој период. Извештајот за работата беше едногласно прифатен од присутните делегати.

Наградата „Климентова повелба“ му беше доделена на д-р Николче Вељановски, библиотекарски советник. Во врска со наградата беше разгледана претставката од Надзорниот одбор и истата беше отфрлена од Собранието. Собранието едногласно одлучи наградата да ја добие д-р Николче Вељановски.

По предлог на Благој Николов беше избрана тричлена комисија која ќе прави измени во Статутот на БЗМ, по предлог на Извршниот одбор на БЗМ.

Беа избрани и новите членови на ИО на БЗМ, членови на Надзорниот одбор, членови на комисијата за Климентова повелба, а за нов претседател беше избран Благој Николов, библиотекар советник. Сите членови беа избрани по предлог на присутните делегати и едногласно прифатени од Собранието.

По завршувањето на работниот дел на Собранието, гостите го посетија археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис. Текот на Собранието медиумски беше покриено од телевизиските куќи „Тера“ и „Орбис“ од Битола. Интервјуирани беа претставници од сите библиотеки, кои се изјаснија за состојбата на библиотекарството во Македонија и примената на современите текови во библиотечното работење.

# 13. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ 2012“

*Приредила*
*Јоланда Бошевска,*
*библиотекар советник*



Традиционално и оваа година Библиотеката, во соработка со основните училишта го организираше општински натпревар „Млади библиотекари“



кој се одржа на 03 10 2012 година во Роднокрајната читална. На натпреварот зедоа учество тринаесет ученици од основните училишта од Битола, с.Добрушево, Могила, Бистрица, с.Горно Оризари и с.Ивањевци. Младите библиотекари со помош на своите ментори успеаја да ги совладаат основните поими од библиотекарството објаснети во прирачникот кој им беше навреме доставен. Првото место и припадна на Лина Гроздановска, ученичка во VII одделение при ОУ „Тодор Ангелески“ - Битола. Второто место го освои Гордана Саботковска,, ученичка во VII одделение од ОУ „Гоце Делчев“- Могила. Третото место и припадна на Марија Ѓуровска, ученичка во VIII одделение при ОУ „Браќа Миладиновци“ - с. Добрушево.

Победникот на натпреварот Лина Гроздановска се стекна со право да учествува на 13-от Републички натпревар кој се одржа на 19 октомври 2012 година во Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје. На натпреварот учествуваа 22 натпреварувачи, претставници на библиотеките од Р. Македонија. Тестирањето траеше еден час и истото беше спроведено од трочлена Комисија на БЗМ: м-р Сузана Данаилова, виш библиотекар, претседател, Пепи Ставревски, член и Илија Захариев, член. Повеќе натпреварувачи



имаа максимален број на бодови. Затоа им беа поставени дополнителни прашања со кои требаше да се пронајди најдобриот од најдобрите. Првото место го освои Лина Гроздановска од Битола. Второто место му припадна на ученичката Фросина Андреева од ООУ „Видое Подгорец“ – Струмица, а третото на Зорица Георгиевска од ОУ „Лазо Трповски“ – Општина Карпош, Скопје. На победниците, наградите им ги додели Благој Николов, библиотекар советник и претседател на БЗМ. На учесниците и нивните ментори им беа доделени благодарници. Домаќинот организираше за сите гости на натпреварот посета на Зоолошката градина.

Директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола и честиташе на Јоланда Бошевска, библиотекар советник која победниците од општинските натпревари во Битола ги подготвуваше за последните седум Републички натпревари каде беа освоени 4 први и две втори места.

# КНИЖЕВНИ ПАМЕТЕЊА НА ТУМБЕ КАФЕ

*Приредил*
*Петре Димовски*



„Битолски книжевни паметења“, манифестација која ја организира Битолскиот книжевен круг со поддршка на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола, а финансиски помогната од Министерството за култура на Република Македонија и од Општината Битола, по вторпат оваа година се одржа во рамките на Битолското културно лето. На првиот ден од Манифестацијата, 8 август, на Летната сцена на Тумбе Кафе, со свои творби настапија реномирани





поетски имиња од Скопје, Прилеп, Охрид и Струга, заедно со поетите од Битола збрани во писателската книжевна асоцијација.

За првпат Манифестацијата „Битолски книжевни паметења“ ја додели наградата Книжевен круг, која му припадна на истакнатиот македонски писател Владимир Костов, кој живее и твори во Битола, за неговиот голем придонес на книжевното поле, чие дело трајно се втемелува во тековите на националната меморија на Македонија и останува вградено во културната ризница на вредностите. Одлуката ја донесе жири комисија во состав: Ефтим Клетников, претседател, Никола Кочовски и Кире Неделковски, членови.

На 9 август, вториот ден од Манифестацијата, во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“, се одржа научниот симпозиум на тема *Битола во делата на Владимир Костов*.

## 80 – ГОДИНИ ЖИВЕЕЊЕ И 45 ГОДИНИ ПИСАТЕЛСКО ТВОРЕШТВО

*Приредил*
*д-р Николче Вељановски,*
*библиотекар советник*

**Проф. д-р Владимир Костов е современ македонски раскажувач и драмски автор, еден од најплодните прозаисти, кој целиот свој опус го посветил на градот Битола. Роден е 1932 год, дипломирал на Филозофскиот факултет во Скопје, а првото вработување му било како артист на радиодрамата во Радио Скопје. Во 1956 година станал професор по македонски во Средно ветеринарно училиште во Битола, а во 1964 година бил избран за професор на Педагошката академија во Битола, каде работел се до своето пензионирање. Член е на Друштвото на писатели на Македонија, на Македонското научно друштво и битолскиот книжевен круг, а во 2010 година се стекна со титулата почесен доктор на Универзитетот во Битола.**




Во организација на Универзитетот „Св.Климент Охридски“, а со поддршка на универзитетската библиотека и Друштвото на писатели од Македонија **и литературното книжевно друштво „Деницијa“ при Педагошкиот факултет – Битола на 21 септември во салата каде што се одржуваат состаноците на Сенатот на Универзитетот (зградата на Правниот факултет – комплекс касарна) во организација на Ректоратот се чествуваше 80 – години од раѓањето на писателот професор и почесен доктор на науки Владимир Костов.** Во негово отсуство, но во присуство на неговата сопруга г-ѓа Ружа Костова и неговите две ќерки, неколкумина од неговите колеги – пистали и други, Ректорот ги излагаше прв своите 80 напишани редови во чест на славеникот Владимир Костов. Тој се осврна на долгиот творечки опус на Писателот со потенцирање на растојанието во години од издавањето на делата до денес.



„Досега имам напишано околу 250 страници, но за да не претерам во моето денешно излагање јас ќе прочитам само 80 редови. Ние посебно го почитуваме како професор на нашиот универзитет, тој предаваше на Педагошкиот факултет. Исто така, ние го прогласивме Владимир Костов, за прв почесен доктор на науки на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Заради тоа имаме еден посебен однос кон професорот Владимир Костов и сите се согласивме дека оваа личност заслужува да направиме едно чествување за него. Универзитетот во чест на Владимир Костов востанови награда за куси прозни творби, а интересот за учество на тој конкурс е огромен и секоја година универзитетот доделува награди за најдобрите творби, изјави ректорот на Битолскиот универзитет, проф. д-р Златко Жоглев.

За Владимир Костов каков што не го знае јавноста зборуваше неговиот пријател и колега проф.д-р Александар Стерјовски: „Со Владимир Костов се познаваме 55 години, сме ги поминале заедно детските го-дини, гиманзиските денови, сме работеле во иста институција, сме биле во иста канцеларија, а бевме и соседи. Ние сме многу блиски пријатели, токму затоа денес, на неговиот роденден, се определив да зборувам за еден непознат Владимир Костов, да откријам некои работи што не се познати во литературната историја, за наградите што ги добиваше уште како ученик, за неговите амбиции да стане актер, односно за се она, што за пошироката публика е еден непознат Владимир Костов”, изјави професорот Стерјовски. Меѓу другото ќе рече: „За малку ќе го загубевме Владимир Костов како писател ако беше реализирана неговата желба да стане режисер“, рече тој. „Уште нешто, Костов во една пригода ми рече: “Јас пишувам со крв“. Размислете добро за ова!“

Настанот по повод 80 го-дини од животот на Владимир Костов беше одбележан со програма организирана од Универзитетскиот литературен клуб «Деницијa», а учествуваа наставен кадар, асистенти и студенти од Педагошкиот факултет во Битола, кои се претставија со нарација, односно читање на делови од творештвото на Владимир Костов. Пригодна свечена уметничка програма имаа учениците од Средното музичко училиште во Битола со професорката г-ѓа Мери Кафкалева.

На свеченото чествување во име на професорот Костов, неговата сопруга Ружа Костова го прими подарокот-уметничка слика, која по повод 80 години од раѓањето на Костов, му ја подари Универзитетот. Во нејзиниот краток говор таа ќе се заблагодари на



Ректорот и колегите – писатели, „а посебно му изразува благодарност на д-р Николче Вељановски кого го смета за негов критичар кој со неговите текстови одблиску ги расветлува неговите дела“.

Во своето кратко пројавување д-р Николче Вељановски ќе реќе: „Писателот проф. д-р Владимир Костов го прави универзален и единствен неговото страдање за Невидливото. Ова е една мала тајна која треба да ја знаат и неговите блиски, но и неговите колеги – писатели и пошироката јавност. Кога прв пат влегов во неговиот дом, тој ми рече „Николче немој да ме измачуваш и да ме тераш да го отворам веќе затворениот ракопис на четвртото преработено издание на „Учителот“ зашто тоа толку ме измачува“ (некаде пред Божиќ во телефонски разговор тој ќе ми рече: Паркинсоновата болест ми го парализира телото да не може да се движи, но умот се уште добро ме служи за интензивно интелектуално работење. И до денес сум окупиран со Учителот, но не сум во состојба да го објавам 5-тото издание.) За овој свој роман што во своето прво издание излезе пред 36 години во 1976 година во едно убаво црвено издание со тврд повез, а до кој јас дојдов кога се запослив во Библиотреката во 1983 година, Костов ќе рече: „Тоа е роман – фокус на сите мои филозофски размисли“, а јас би рекол филозофско–религиозни размисли“. Сите четири изданија се над шестотини (шестоти-





ни и девет, десет страници во кои последниот збор ЉУБОВ). Во еден наш разговор по телефон ќе го запрашам зошто не го намали до кај 150 страници за да би можеле барем неговите колеги – битолски писатели да размислуваат околу неговата порака. Тој ми одговори: „јас не можам да се враќам сега назад, таков беше текот на мојата мисла". Кога професорот Стерјовски ги спомна неговите зборови, дека пишува со крв, тоа асоцира на неговата единственост во страдањето за Невидливото како што тоа едно време го напишал и познатиот германски и светски познат филозоф Ниче: „Никој не страдаше толку многу за она за кое што страдав јас". Ете ова нека биде мојот поздрав до професорот д-р Владимир Костов".

Овде би сакал да дадам едно објаснување во поглед на зборот „Невидливото". Писателот Владимир Костов е редок писател „кој пишува со својата крв", односно пораката која ја дава, помалку или повеќе, во сите негови дела е „бесмртноста", а не минливото, како во животот така и во науката. Тој ја презира секоја догма во науката и религијата, а во литературата трага по хероите кои го разгореле во себе огнот на бесмртноста, наспроти луѓето – глувци, зашто медиокритетите лесно можат да преминат во џган, како оној „џган пред две илјади години кој го распнал Исус Христос". Зборот „џган" кај Писателот најверојатно го опишува она најниското, најзлобното, бескрупулозната омраза која станува убиствена која што може многу лесно да ја завладее „толпата", а која елаборативно ја дефинирал Ле Бон.

Кога се вратив на работа си помислив, „да погледнам мислам дека четвртото издание од „Учителот" не завршува со зборот „Љубов". Видов дека последната страница завршува како и на почетокот, Трпко ја турка пред себе количката која крцка под товарот и таму се спомнува неговиот син. Си помислив, „не завршува со зборот Љубов!". Истата ноќ сонував како на улицата Херц(-еговина) туркам количка со остатоци  од градежни материјали, не во правец на куќата на комшијата ГОГО туку во правец на гаражата на електричарот за коли ПЕЦЕ. Кога стигнав до една куќа каде се градеше, како да имаше железни скелиња преку цел тој дел пред куќата и улицата, а јас требаше да се провирам со количката низ нив, слушнав глас, како од НЕКОЈ познат: „А, бе никако не застануваш со работа!" На работа ме знаат дека постојано градам, а и штотуку ја доправивме фасадата на куќата. Ми велат, сега е доста застани! Ја кренав главата и видов глава од млад човек на аголот на куќата како да стоеше и работеше токму горе, под ќерпијата од кровот. Зборовите ми беа познати, но ЛИКОТ негов не го препознав. „Работата нема крај" – Му одговорив и сонот заврши. Градењето, работата како и љубовта немаат крај. Овие симболи секогаш го поврзуваат синот со Таткото (Трпко) за кого симболиката е постојаност, сеприсутност, сезнаеност и семоќност, пред се, беспочетност и бескрајност, односно бесмртност како што е беспочетна, бескрајна и бесмртна Љубовта. И ние луѓето кои постојано градиме како што ја полниме количката со градежни материјали и нивни остатоци за фрлање, така треба да ја полниме количката на животот (Трпко) со Љубов, за да ја отфрлиме омразата СО ЦЕЛ да не си наштетиме СЕБЕ СИ, бидејќи ЉУБОВ СМЕ.

Истиот ден, вечерта му се јавив по телефон на професорот Костов. Се извинуваше што не ќе може долго да стои на нозе покрај телефонот зашто паркинсонот од рацете сега му преминал на нозете: „Сега можам колку сакам да пишувам со рацете, а и умот, фала му на Бога, ме крепи". Во поглед на моето излагање за неговото „страдање" ќе рече: - „Добро си го приметил тоа!" - „Тебе сакам да ти откријам дека ти ќе бидеш меѓу првите до кои ќе стигне мојата најнова книга инспирирана од етнологот Леви Строс. Дали си чул за него? Па, да видиме што ќе даде Господ да пишувам во неа!?"



*Приредила*
*Фатма Бајрам Аземовска*

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ПРОМОЦИИ ИЗЛОЖБИ И ПРЕДАВАЊА

**25.12.2011 г.**
**МИНИСТЕРКАТА ВО ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАТА**

Министерката за култура Елизабета Канчевска Милевска на ден 25.12.2011(сабота) оствари средба во Битола со петте директори на театарот, центарот за култура, библиотеката, заводот и музеј и музејот на албанската азбука каде што се одржа во кабинетот



на битолскиот градоначалник Владимир Талески. На средбата министерката Милевска го искажа своето задоволство од работата на сите национални културни установи во Битола, По средбата со градоначалникот на Битола се упати во НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола. На средбата со првите луѓе на библиотеката стана збор за програмските активности на установата за идната година.

**Март 2012 г.**
**СОРАБОТКА СО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ПУСТЕЦ**

Да се стигне до македонското село Пустец во Албанија и да се присуствува макар и еден ден е големо доживување. Селото е оддалечено 25 километри од Корча, еден од поголемите албански градови, но како да е оддалечено стотици години од сегашноста. Пустец и околните девет села се населени исклучиво со Македонци. Македонците од Пустец прават се за да си го говорат и зачуваат својот чист македонски јазик. Во Пустец и уште осум околни села живеат само Македонци, на македонски јазик државата



Албанија им дозволува да учат само до четврто одделение. Директорот на НУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола г –дин Науме Ѓорѓиевски оствари работна средба со директорот на основото - средното училиште г –дин Михалаќ Апостоловски од Пустец – Република Албанија. На средбата се разговараше за проблемите, потребите и дефинирање на наредните чекори за идна соработка меѓу двете институции.

**17 Април 2012**
**ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КОНГРЕСНАТА БИБЛИОТЕКА**

Директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола г–дин Науме Ѓорѓиевски оствари работна средба со претставници од Конгресната библиотека – Соединетите Американски Држави (Library of Congress) и Светската дигитална библиотека (World Digital Library) со господата Mr. Grant G. Harris and Mr. Jason Yasner и претставници од американската амбасада во Р. Македонија. На средбата се разгова-



раше како наскоро НУУБ „Св.Климент Охридски“ – Битола да стане член на Светската дигитална библиотека со седиште во Вашингтон и Конгресната библиотека. Сите дигитализирани материјали што ги поседува библиотеката ќе може да ги користат членки од целиот свет што е од големо значење како за самата библиотека, така и за градот и целата држава. Целта и вредноста на тоа што го имаме е споделбата на културното наследство, на културата и на се она што го има една земја, да го приложи и да биде достапно до секој студент, кој од дома ќе може да има пристап на една голема колекција на материјали кои ги има Дигиталната светска библиотека

**23 Април 2012**
**СВЕТСКИ ДЕН НА КНИГАТА И АВТОРСКОТО ПРАВО**

По повод светскиот ден на книгата и авторското право, беше организирана пригодна манифестација од НУУБ „Св.Климент Охридски“ - Битола. Идејата за



одбележување на овој ден потекнува од Каталонија, каде на 23-ти Април на денот на католичкиот празник Св.Јурја, традиционално се подарува ружа за секоја подарена книга , традиција која трае скоро 100 години. Се смета дека токму оваа дата е избрана затоа што на 23-ти Април како повод е земена и смртта на великаните на светската книжевност Мигуел Де Сервантес и Вилијам Шекспир.

Одлуката да се одбележува овој ден како светски ден на книгата и авторските права е донесена на општата конференција на УНЕСКО, одржана во Париз 1995 година. На присутните гости им се обрати г. Науме Ѓоргиевски, директор на НУУБ „Св. Климент Охридски“ –Битола, читање на пораките од г-ѓа Ирина Бокова, генерална директорка на УНЕСКО и македонската порака од д-р Александар Прокопиев, Институт за македонска литература. Програмата ја збогатија младите поети од литературниот клуб „Поетски рефлексии“.

На крајот на настанот следеше традиционално подарување книга на посетителите.

**РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО РАМКИТЕ НА БИТФЕСТ 2012**
**Моја библиотека, 11-12 јули 2012**

На 11 и 12 јули 2012 година, се одржа дводневна презентација на услугите што Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола им ги нуди на своите членови на WEB-порталот Cobiss/OPAC. На овој начин граѓаните на Општина Битола имаа можност непосредно да се запознаат со новите услуги на „МОЈА БИБЛИОТЕКА“. Притоа беа и во директен контакт со вработените од Библиотеката да поставуваат прашања за сите сегменти од овој дел.

**УЧИМЕ ДА ТВОРИМЕ, ЈУЛИ – АВГУСТ 2012**

Во рамките на проектот се одржуваат осум работилници за 15 – 20 млади заинтересирани луѓе како да пишуваат книга. На работилниците на мошне сliko-



вит начин се прикажа процесот на создавање на едно книжевно дело од идеја и замисла, до истражување и нејзината подготовка, пишување, илустрација, вообличување, печатење, дистрибуција, па се првиот контакт со читателите.

**„БИДИ КАБАДАЈА - ЧИТАЈ КНИГА“, јули – август 2012**

Можете ли да замислите читајќи да се соживеете со книгата и да заплачете или гласно да се насмеете читајќи. Е тоа е длабоко чувство и со тоа писателот ја постигнал кулминацијата со тоа што ве вовел целосно во самото дејство.За крај, не е исто дали читате од книга hardcopy или дигитален облик на книга. Статистички е докажано дека читањето од екран е побавно за разлика од читањето од хартија односно книга. Затоа бидете во тренд и користете го интернетот и дигиталниот свет, но не заборавајте на книгите, и уживањето со нив. Земете добра книга, најдете добро место за читање, кафенце до Вас и уживајте.

Најдобрите фотографии беа наградени и беа изложени во холот на библиотеката во месец август 2012 година.

**8-ми септември**

**ПРОЕКТ НА ВЛАДАТА 1000 КНИГИ**

По повод 8-ми Септември – Денот на независноста на Република Македонија, НУУБ „Св.климент Охридски"- Битола организираше изложба на книгите кои се дел од проектот на Владата на Република Македонија „Преведување на 1000 стручни и научни книги и учебници".



На изложбата обраќања имаа градоначалникот на општина Битола м-р Владимир Талески и г. Науме Ѓорѓиески – директор на НУУБ „Св.Климент Охридски" – Битола.

Изложбата свечено ја отвори проф. д-р Златко Жоглев - ректор на Универзитетот „Св.Климент Охридски"- Битола.

Ректорот на Универзитетот проф. д-р Златко Жоглев кој ја отвори изложбата посебно се осврна на значењето на книгата: „Во развојот на човечката цивилизација, според една мисла, луѓето учеле и учат најчесто преку други умни луѓе, преку искуството и преку книгите. Со појавата на книгата како печатен медиум е предизвикана експлозија на знаења во човечката историја". Тој рече дека за прв пат во Македонија се преведуваатккниги во толкав обем од светски познати автори: „За прв пат на свој мајчин јазик имаат можност и професорите и студентите, соработниците, како и другите претставници на интелектуалната јавност да читаат и учат книги од најдобрите светски универзитети."

**Септември 2012**

Во рамките на програмата за одбележување на Меѓународниот ден на мирот, директорот на НУУБ „Св. Климент Охридски"- Битола г.Науме Ѓорѓиески и австрискиот амбасадор во Р.Македонија др. Томас Михаил Бајер на ден 20.09.2012 година потпишаа договор за соработка и свечено беше пуштена во употреба „Австриската библиотека" во рамките на библиотеката при НУУБ „Св. Климент Охридски"- Битола. Потпишувањето на договорот подразбира проширување на меѓусебната соработка преку размена на стручен кадар од областа на библиотекарство-



то и информациските науки и размена на искуства, учество во меѓународни проекти и организирање културни манифестации за приближување и запознавање на културите на двата народа, како и донација на 2500 австриски книги за сите љубители на пишаниот збор.

**МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МИРОТ**

**21 Септември 2012 година**

Во 2001 година за Меѓународен ден на мирот беше прогласен 21 септември.



Резолуцијата вели: „Меѓународниот ден на мирот е ден за глобално прекинување на огнот и за ненасилство, покана до сите нации и луѓе на тој денот да ги прекинат сите непријателства..." „Ги повикува сите земји членки, организации во системот на Обединетите нации и невладините организациии, сите лица на соодветен начин да го одбележат Меѓународниот ден на мирот, вклучувајќи образовни активности и подигање на јавната свест, како и



соработка со Обединетите нации во воспоставување на глобално прекинување на огнот." Во реализација на проектот беа вклучени ученици од гимназијата „Јосип Броз Тито" - Битола и издавачката куќа „Вермилион".

**25.09.2012г.**
**ПОСЕТА НА УЧЕНИЦИ**

Ученици од ОУ „Даме Груев" - Битола на ден 25.09.2012 година ја посетија Библиотеката. Посетата беше искористена за запознавање на учениците со работата на Библиотеката како културна установа, нејзините оддели и начинот на издавање на книгите.

Исто така беа разгледани магацинот за чување на книги, детската библиотека, читалните.



**27 Септември 2012**
**ПОСЕТА НА СТУДЕНТИ ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК**

Студентите ид 1 и 4 година, професорките доц. д-р Валентина Илиева и проф. д-р Јаготка Стрезовска при Педагошкиот факултет - Германски јазик и книжевност - Битола на ден 27.09.2012 година ја посетија Библиотеката. Посетата беше искористена за запознавање на студентите со работата на Библиотеката како културна установа, нејзините оддели и начинот на издавање на книгите. Студентите покажаа интерес за „Австриската библиотека" во рамките на НУУБ „Св.Климент Охридски"- Битола и на германската литература. „Австриската библиотека„ е донација од Австриската амбасада во Република



Македонија. Исто така беа разгледани магацинот за чување на книги, детската библиотека и читалните.

**03.10.2012 г.**
**ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ"**

НУУБ „Св.Климент Охридски" - Битола, на 03.10.2012 година (среда) го организираше традиционалниот општински натпревар „Млади библиотекари" кој се одржа во просториите на Библиотеката.

На натпреварот зедоа учество 15-мина учесници од основните училишта од Битола, Новаци и Могила.



Првото место и припадна на Лина Гроздановска, ученичка во VII одделение при ОУ „Тодор Ангелески" - Битола.Победникот на натпреварот Лина Гроздановска се стекна со право да учествува на 13-от Републички натпревар „Млади библиотекари" во Скопје.

**04.10.2012 г.**
**ПОСЕТА ОД ДЕТСКА ГРАДИНКА**

Дечиња од детската градинка „Коца Василева" - Битола ја посетија Библиотеката. Посетата беше искористена за запознавање на децата со работата на Библиотеката како културна установа, нејзините оддели и начинот на издавање на книгите. Исто така беа разгледани магацинот за чување на книги, детската библиотека, читалните. На децата им се прочитаа песнички, приказни. Додека на крајот на посетата децата ни изрецитираа песнички што ги учат во градинката.



# ДРУГИ АКТИВНОСТИ – ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА

*Приредиле*
*Драги Кабровски и д-р Николче Вељановски*

**13.03.2012 г.**
**СВЕДОШТВА ЗА ХОЛОКАУСТОТ НА ЕВРЕИТЕ ВО БИТОЛА**

За одбележување на годишнината од холокаустот на Евреите **Македонското научно друштво, Друштвото за македонско еврејско пријателство и НУУБ „Св. Климент Охридски“** од Битола, на 13 март 2012 година во салата за промоции со почеток во 17.00 часот организираја програмски актовности и тоа:

- Настап на вокално–инструменталниот камерен состав „AD LIBITUM“. Диригент д-р Екатерина Јосифовска
- Историски аспекти на Холокаустот на Евреите во Битола, проф Ѓорѓи Димовски – Цолев
- Драматизација на две песни од книгата „Возот на плачот“ од Методија Христовски (автор на драматизацијата м-р Зора Русомарова) настапуваат ученици од СОУ „Таки даскало“ и ОУ „Даме Груев“ од Битола
- Евоцирање на спомени од познати битолчани за депортацијата на Евреите
- Изложба на книги и објавени текстови во печатот за Евреите во реализација на НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**16.03.2012 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА МОНОГРАФИЈА И ИЗЛОЖБА**

За одбележување на 100 годишнината од Црвениот крст од Битола, Библиотеката во соработка со Црвен крст на Битола на ден 16 март со почеток во **12.00** часот во салата за промоции организираа промоција на монографијата **„Еден век Црвен крст во Битола“** од проф. **Александар Стерјовски** од Битола. Промотор на монографијата беше проф. **Златко Жоглев** ректор на Универзитетот **„Св. Климент Охридски“.** На почетокот присутните гости ги поздрави претседателката на Општинската организација на Црвен крст од Битола ѓ-ѓа **Диана Димитрова**, Свое обраќање имаше и секретарот на Црвен крст од Битола г-дин **Нико Христовски**. Преку видеобим на ЦД се прикажуваа придружни материјали по повод овој јубилеј. Во холот на Библиотеката беше поставена и тематска изложба на книги фотографии разни признанија како што се пехари, Благодарници, Дипломи, плакети и текстови објавени во Битолски весник за Црвениот крст од Битола. На крајот вообичаено завршен збор имаше и авторот на монографијата г-дин **Александар Стерјовски**. Промоцијата беше одржана под медијаторство на г-дин Благој Шаклевски вработен во ТЕРА телевизија.

**06.04.2012 г.**
**КОМЕМОРАТИВНА АКАДЕМИЈА И ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

**Македонското научно друштво, Здружението на граѓани за заштитан а ликот и делото на Дамјан Груев и НУУБ - Битола**, организираа **Комеморативна академија** по повод 106 годишнината од загинувањето на битолскиот војвода **Ѓорѓи Сугарев**. На академијата со свои излагања учествуваа: м-р **Јован Кочанковски**, проф. **Ѓорѓи Димовски-Цолев**, проф. **Здравко Божиновски, а рецитал изведе Билјана Павлоска**.







**29.05.2012 г.**

**ДЕВЕТТИ САЕМ НА КНИГАТА**

Во просторот пред Народниот театар – Битола, НУУБ – Битола по деветти пат го организираше традиционалниот „САЕМ НА КНИГАТА – БИТОЛА 2012“ на кој изложија книги повеќе македонски, како и неколку странски издавачи. Саемот беше отворен од вторник до недела.



**31.05.2012 г.**

**СЕДМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА**

На традиционалната, седма по ред Роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија, која се одржа во Библиотеката, учествуваа дваесетина **писатели кои своите излагања ги читаа на Тркалезната маса на тема: „Жената – муза на моето творештво“. Медијатор на Средбата беше д-р Николче Вељановски**.

**65 ГОДИНИ ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Во организација на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола и Друштвото на пистаелите на Македонија во салата за промоции на Библиотеката ја прослави 65- годишнината од постоењето. Друштвото е формирано на 13 февруари 1947 година. Досега во него се зачлениле околу 400 писатели и автори. Поздравна реч имаше директорот на Библиотеката Науме Ѓоргиевски. Во својот говор претседателот на Собранието на Друштвото на писателите на Македонија проф. д-р Веле Смилевски претседател ќе рече: „Друштвото на писателите на Македонија беше и останува она што поетот Анте Поповски го оквалификува како наш дом, наш духовен храм, наша Академија“. Раде Силјан ја искористи свечената пригода во отсуство на писателот Владимир Костов на неговата сопруга, по повод неговиот 80-ти роденден, на неговата сопруга Ружа Костова да и го даде првиот примерок од неговата најнова книга „Даровна“ која штотуку излезе од печат. Притоа, тој ќе рече: „Владимир Костов е писателски бренд или заштитен знак на Битола затоа што својот живот го посветил и завештил на пишаното творештво како вистински литературен аскет, а во неговиот богат книжевен опус се чувствува пулсот на Битола и Македонија“.





# ПОСВЕТУВАЊЕ ВНИМАНИЕ НА ЗАШТИТАТА НА КНИЖНИОТ ФОНД

*Приредила*
*Ленче Андоновска,*
*виш библиотекар*

Националната установа - Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ - Битола, располага со книжен фонд над 600.000 монографски публикации, за кој се води соодветна грижа и тоа како во поглед на правилно сместување, чување, негова соодветна заштита и навремено враќање на позајмениот материјал.

Со оглед на фактот што во нашата установа е инсталиран сегментот COBISS/Зајмување и истиот се применува, работењето со нашите корисници е многу подобрено и ефектот од истото е зголемен. Функцијата на Секторот за Позајмување и услуга е креативна, едукативна и педагошка, затоа што овде се гради и создава пасија кон книгата, навиката и културата да се чита, а воедно се стекнуваат сознанија и запознавања со светот на книгата, жанровите, стиловите односно се одредуваат и определуваат корисниците кон ваква или онаква литература - влијанието на вкусот и афинитетот на корисникот. Мошне важен е моментот на приемот и остварувањето на контактот меѓу библиотекарот и корисникот, кој го воведува, упатува и насочува во светот на литературата, а истовремено го открива неговиот афинитет. Неопходно е потребно да се истакне дека во нашата установа можат да се користат најразновидни монографски публикации, енциклопедии, лексиконски изданија и друг вид на стручни изданија кои во изминатите 67 години постојано и систематски се пополнуваат со нови книжни фондови кои создаваат импресивна слика за богати книжни прилози, во корист на повеќеилјадниот читателски аудиториум во Библиотеката во Битола. При зачленувањето во Библиотеката, секој корисник потпишува Изјава со која се запознава со правилата во Библиотеката и истите ги прифаќа.

Покрај големиот број корисници кои навремено го враќаат позајмениот библиотечен материјал, има и такви кои не го враќат позајмениот материјал во определениот рок и самата програма ни дава можност преку COBISS/Исписи да можиме секојдневно да ги подготвуваме и печатиме опомените за сите наши корисници кои не го вратиле позајмениот материјал во предвидениот рок и на истите им испраќаме опомени на домашни адреси.

Со оваа постапка ни е овозможено во голем дел позајмениот материјал да го вратиме во магацинските простори и со тоа да можат да го користат и други корисници на кои им е потребен.

Опомени испраќаме до три пати а последната четврта опомена е испраќаме препорачано како последна опомена пред суд, со што успеваме голем дел од позајмениот материјал да го вратиме.

Сѐ што се презема со претходните дејствија е во полза на корисниците како би се избегнале судски постапки и нивните трошоци би биле многу поголеми а истовремено е и во корист на Библиотеката за прибирање и комплетирање на книжниот фонд.

# ДА ГО ПОТТИКНЕМЕ ЧИТАЊЕТО КАЈ ДЕЦАТА!

*Приредила*
*Фатма БајрамАземовска*

Писмото е најголемиот и највредниот изум на човештвото. Тоа ги поврзува луѓето и просторно и временски. Преку она што е напишано ги запознаваме луѓето кои никогаш физички не би можеле да ги запознаеме. Илјадници луѓе се пишувало на глина, на камен, на восок, на кожа, на кора од дрво и слично, но сето тоа било само во еден примерок и достапно само на привилегираните. Дури по 1500 година со помош на техниката на печатење пишаниот збор станал достапен на секој кој знаел да чита. Но дури во 20 век читањето станало привилегија на сите. Во повеќето држави во светот се отвориле училишта кои имале основна обврска да ги описменат децата. Истата основна обрска ја имаат училиштата и денес. Читањето е процес кој се повторува, бидејќи секоја генерација деца има потреба од описменување. Обично, сметаме дека читањето е природен процес и дека секое дете кога тогаш ќе научи да чита. Но, не е така. Секое дете научува да чита доколку постои ефикасно поучување во тоа. И не е доволно да кажеме дека се описменило, туку дали таа писменост е функционална или не т.е. колку истата му овозможува на детето доволно добро да чита, му го отежнува учењето, детето чита, но постојано прави грешки при читањето, па погрешно

 БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ

и ги учи нештата. Детето можеби чита, но не го разбира она што го чита.

За претшколското дете средбата со книгата е многу важна. Родителите можат да имаат важно влијание на детскиот однос кон книгата. Читањето приказни за добра ноќ треба да биде весело. Важно е соживувањето со приказната и убавата атмосфера. Книгите го шират детскиот фонд на зборови и ја поттикнуваат фантазијата. Читањето на книги е многу важно за успешно учење во иднина. Преку нив децата ги запознаваат буквите, пишаните зборови и техниките на читање и учење.

Потребно е систематско развивање на итнерсот за читање кај детето уште во предучилишна возраст (од 0-6 години) на тој начин што родителите и предучилишните установи односно институции и сите кои се инволвирани во огледувањето на детето ќе развиваат кај него интерес за добра и убава приказна. Единствен начин за да се постигне тоа е кога читањето на детето му стане секојдневие уште од првите години по неговото раѓање. Тие се одлучувачки за развивање на љубовта кон читањето. Никогаш не е прерано да почнеме на децата да им читаме!

Следните препораки се неколку забавни начини со кои ќе му помогнеме на детето полесно да чита.

Да му читаме секој ден и додека му читаме – времето да биде исполнето со нежност и грижа.

Родителот треба секогаш да ги именува предметите и нештата, така ќе му помогне на детето да го изгради речникот. На пример: Погледни го авионот!



Она се крилата на авионот. Што мислиш зошто се нарекуваат крила?“ Тој треба да му покаже на детето дека ужива за време на читањето и да му каже дека „време е за приказна“, односно за најомилениот дел од денот. Не треба да се запостави читањето со ентузијазам во гласот, со интересен ритам и израз и менувањето на гласот. Потребна е интерактивност, да се зборува за случките од книгата, да се укажеува на некои работи и да се поставуваат прашања. Нема да згрешиме ако му ја прочитаме омилената книга по стоти пат. Едноставно да го натераме детето да ужива. Треба да знаеме кога е доста, кога детето ќе изгуби интерес или го изгуби вниманието – да ја оставиме книгата.

## БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

### ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

*Приредила Катерина Пејковска*

ГРАДИНАТА НА ЛАГИТЕ – Ејлин Гоуџ
ИСПОВЕДТА НА ЕДНА АКУШЕРКА – Дајен Чемберлен
СПАСУВАЊЕ – Николас Спаркс
МИ ПРИПАЃАШЕ МЕНЕ – Карен Роуз
ПИСМОТО НА ГОСПОЃА ВИЛМА – Јелена Бачич Алимпич
ТРИ МЕТРИ НАД НЕБОТО – Федерико Моча
ТЕ ПОСАКУВАМ – Федерико Моча
ДЕН ПОСЛЕ НОЌТА – Анита Дајамант
ПУСТИНСКА ЗОРА – Варис Дирие
ПУСТИНСКИ ЦВЕТ – Варис Дирие

### ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА

*Приредила Елица Ѓоргиевска*

ДНЕВНИКОТ НА ПРИНЦЕЗАТА – Мег Кебот
ВЉУБЕНАТА ПРИНЦЕЗА – Мег Кебот
ПРИНЦЕЗАТА ПОД РЕФЛЕКТОРИ – Мег Кебот
ВАМПИРСКИ ДНЕВНИЦИ –Смит Л. Џ.
НАДАРЕНИ – Мерилин Кеј
САРА КЕЈ – Стритлитл М. Т.
БЕТМЕН – Хјулин Џ.
ОГЛЕДАЛЦЕ, ОГЛЕДАЛЦЕ – Розенблат Џ. Е.
ДЕВОЈЧИЊАТА СЕ ОД САТУРН, А МОМЧИЊАТА ОД ЈУПИТЕР – Лам К.
СОБА – Донахју Е.

# ДРАГИ КАБРОВСКИ ВО ПЕНЗИЈА

Нашиот колега Драги Кабровски вработен во Одделението Популаризација на книгата на 6 август 2012 година со над 40 години работен стаж поминат во Библиотеката (1968 – 2012), соработник и фотограф во списанието „Библиотечен тренд", постојан член на комисија во општинските натпревари „Млади библиотекари", како и повеќе години во Комисијата на натпреварот „Поетски бранувања", пејач – аматер и ведар колега, замина во пензија. Ние вработените во Библиотеката му пожелуваме многу здравје и долги години да си ја користи пензијата.









# ПАВЛИНА КОТЕВСКА ВО ПЕНЗИЈА

Хигиеничарката Павлина Котевска, вработена во Библиотеката од 1974 – 2012 година замина во пензија и така трите најстари хигиеничарки во Библиотеката веќе се во пензија. Таа им се придружува на Савеска Ангелина и на Злата Стефановска



# СЕДМА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА ВО БИБЛИОТЕКАТА

*Приредил*
*д-р Николче Вељановски,*
*библиотекар советник*

Во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола на 31 мај 2012 година беше одржана седмата по ред Роднокрајна средба на битолските писатели во Македонија на која беа изнесени текстовите на пистаелите: Владимир Костов (во отсуство), Никола Кочовски, м-р Христо Петрески, Петре Димовски, проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ, проф. д-р Благоја Брајановски, Добре Тодоровски, Ѓорѓи Прчков, Ванде Ганчевски, Сања Мучкајева Видановска, Весна Ефтимовска, Биљана Талевска – Димко, Димитар Богдановски, Богоја Таневски. Присутни беа и писателите Панде Манојлов, Радован П. Цветковски и Зоран Пејковски.

Темата беше жената – муза на моето творештво, а дпо неа дојдовме без голем напор со писателите Добре Тодоровски и Петре Димовски. Всушност, овој пат темата самата ни се наметна. „А, гледам и вие не се уморивте. – рече медијаторот на Средбата д-р Николче Вељановски кој во име на директорот и вработените во Библиотеката им се заблагодари на присутните. - Сигурно дека една ваква тема ве освежи сите. Инспирирано пишувавте и за своите дела и од својата имагинација. Се изненадив колку жените – писатели биле инспирирани од жената. Поканивме и некои нови автори да внесат и тие свежина. Владимир Костов ја поздравува средбата затоа што од здравствени причини не можеше да дојде и побара дел од текстот да го прочитам јас. Со оваа ваша седма роднокрајна средба го градите седмиот Зборник на излагања. Би сакал Министерството да обезбедеше повеќе средства, но мислам дека вољата на сите вас е далеку поважна за понатамошното одржување на Средбата“.





И покрај тоа што вообичаено излагањата на писателите се скратени на неколку минути, д-р Николче Вељановски предложи текстовите на Христо Петрески и Сања Мучкајева Видановска да бидат изнесени во целост.

**Димитар Богдановски**
**М О И Т Е   Т Р И   М У З И**

Инаку, по однос создавањето на моето скромно литературно творештво помалку или повеќе како на инспираторки или поточно, личности кои придонеле при создавањето на мојата љубов кон литературата, им должам на три жени: мојата мајка, нашата сограѓанка госпоѓата Паула Маер-Апостолова, мојата сопруга Јованка Богдановска.



**Проф. д-р Благоја Брајановски**
**„ЖЕНАТА – МУЗА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО“**

Жената неизбежно е присутна во секој вид уметничко, а особено секој вид литературно дело. Без жената не може да станува збор, не само за уметничко, литературно дело, туку и за секој друг на дело што не го носи префиксот уметничко, односно литературно.



Тоа е исто како кога го разгледувате проблем што е во врска со кое и да било општество, односно човештвото, а да не водите сметка за атрибутот жена, па би изгледало како општеството, односно човештвото да се состои само од припадниците на машкиот пол, што би било ординарна будалштина.

**Ванде Ганчевски**

**ЖЕНАТА – СВЕЖИНА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО**

Зачинот, или комбинацијата на зачини карактеристични за жените, никаде не ми дал навика да ги



ставам во едно легло, ниту пак да правам некакви селекции на нивните ликови и карактери по нивниот сопствен зачин, дури и кога зборувам за неа дека е сочна, дека е путереста, дека е кајмаклија, дека оди како срна, дека ми заличува како вилушка, дека е ребро со малку мевце, дека е бујато збучена... Едно ми е јасно, сувопарност ќе го краси текстот ако одсуствува женски лик, а спротивно дека текстот има сочност и фил за да се почуствува низ читањето неговата убавина и вкус.

**Петре Димовски**

**ГОЛЕМАТА ТАЈНА НА УНИВЕРЗУМОТ**

Жената е најголемата неоткриена тајна на универзумот, која откако човештвото знае за себе ја разгатнува, а постојано се губи во нејзината совршеност. Отука таа е вечната инспирација на уметниците, големата муза на поетите и на творците од целокупното книжевно творештво што го создава човекот. Секогаш од тој извор пробива кристална свежина на недопрени предели што се постојан предизвик на писателот да завлезе во откривање на тајните при создавањето на својот свет.

**Весна Ефтимова**

**ИДЕНТИТЕТОТ НА ЖЕНАТА НИЗ ПРИЗМАТА НА ГЛАВНИТЕ ЖЕНСКИ ЛИКОВИ ВО „СРЕДБА СО НЕПОЗНАТИОТ" И „МИРИСОТ НА ЖЕНАТА"**

Положбата која жената ја има низ историјата во различните општествени формации е основен критериум кој ги оформува главните женски ликови во двата романи: „Средба со непознатиот" и „Мирисот на животот" Женските ликови во моите романи се мајки кои се грижат за своите деца, иако историјата, уште Античка Грција, се потруди да им го одземе мајчинството.



Понатаму тоа се жени, кои живеат на периферијата на западно-европското јадро наречено Балкан, кој за нив е кобен.

**Владимир Костов**

**ОФ, АМАН, АМАН**

**КОН ТЕМАТА „ЖЕНАТА – МУЗА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО"**

(Во отсуство на Владимир Костов излагањето го чита д-р Николче Вељановски)

Има во моето творештво ликови на жени преку кои се афирмира љубовта како Аристотеловата калокаготија (убава добрина) која го облагородува и го краси животот на човекот. Дури и кога не е персонифицирана, таа е присутна во секое литературно дело како спиритус агенс на творечкиот чин, седно дали е дивинизирана, или демонизирана. Во првиот



случај во моето творештво неа ќе ја препознаеме во ликовите на Ленка (од романот „Нов ум"), во Светлана („Маргарит") и во Олимпија од новелата „Тула" како верни и пожртвувани сопруги во екстремни околности... Цишка од романот „Црквичето 40 ма-

ченици“ минува низ метаморфоза и од блудница, ја доживува почитта на Битолчани, градејќи го црквичето кое станува едно од светилиштата во градот, подеднакво сакрализирано од сите граѓани, без оглед на нивната конфециска припадност. Ели Спиридонова од романот „Писание за страшниот суд е единствен лик на жена – филозоф во моето творештво меѓу бројните ликови и филозофи по вокации, или самодиктати од машкиот пол.

**Никола Кочовски**

**ЖЕНАТА КАКО ПОИМ НА УБАВИНА И НЕЖНОСТ, НО И НА ОБЕСПРАВЕНОСТ**

Постапката, да се опеваат и слават женските доблести, како физички, така душевни, која стана всушност мошне позната, а која што јас, со оглед на времето, би ја нарекол рицарство со зборови, постепено се вообичаи до тој степен, што се создаде нов вид поезија – љубовна. Ова, сепак, не значи дека понекогаш, особено во последниве времиња кога се избега многу напред и многу далеку од моралот, не може да се сретнат во романите, расказите, драмите, и негативни ликови од женскиот пол, кој исто така, со сета своја шароликост, е дел од човештвото.



**Сања Мучкајева Видановска**

*Јас - жена.*
*„Сӣиеш во мене.*
*Длабоко во мене.*
*Во моиӣе мисли...*

Таа... колку зборови, стихови, реченици, може да содржи во едно - таа. Жена. Јас, таа, тие... Просветлување за писателот, мажот кој ја гледа со негови очи и жената која ја гледа со свои очи - жена. Што гледам јас, а што гледа тој? За мене предизвик како ослободување на мојата енергија, со кого се зближувам, нејзиниот лик ме прави своја, а јас ја ослободувам од патеката по која поминувала. Ја гледам на моите страници како мајка, баба, пријателка, онаа што тагува, се радува, љуби, се плаши, Тоа е мојата патека, животот поминува низ неа и не можам да се ослободам од помислата дека жената е утрото на првиот ред од страната која ја пишувам.



**Христо Петрески**

Во моите раскази и песни, не често, но присутни се и дефилираат и женските ликови. Не како модели и прототипови, туку како конкретни личности со кои сум бил интимно поврзан, биле во моја (неразделна) близина, или едноставно - биле само посакувани и плод на мечтите и бујната фантазија. Но, во секој случај - тие ми ја напојувале имагинацијата, ми ја топлеле душата и ми ја хранеле суетата... Ја сакам жената, поточно женската блуза. Музата кај мене и за мене не секогаш е од женски вид, може да биде од машки и од среден род.



**Ѓорѓи Прчков**

Подредените на оваа муза се камелеони по креативност, кои пишуваат во различно време на ноќта под инспирација повеќе на грчевите во стомакот одошто на матниот поглед. Доколку и изјават љубов на поемата, ќе се превртуваат во постелата барајќи нечии усни, макар користољубливи. Ако пак водат љубов во стиховите, ќе преспијат во оргазам на некој ќош, со каење кое не може да се балансира со сликите кои провејуваат. Можеби ќе се заколнат на верност, но и ќе фантазираат над некој недовршен акт кој во почетокот нудел смирение. Можеби ќе се гушат во солзи, но и ќе се надишат над набрекнатата кожа. Генерално денес сите стилови емигрирале во модел на иднината која го напушта епитетот “чисто”.



**Вера Стојчевска Антиќ**
**ЈАС ЈА ОДБРАВ МАЈКА ТЕРЕЗА**

Младата Гонџе без помпа и расправии го напушти Скопје, за да го исполни својот завет, да му се посвети и да се насели во Исусовото срце, поткрепена од уката добиена во Скопската католичка црква „Срце Исусово“. Мила, ведра, работлива, добронамерна, се впушта како ангел над болните во Индија: „Се чувствувам како граѓанка на Скопје, но му припаѓам на светот!“ За да се сфати нејзиниот излез од Скопје, полетот и верата кон Бога, најдиректен доказ е нејзината песна „Проштевање“:



„Ја оставам милата куќа зад себе
и мојот сакан роден крај.
Во Бенгал жежок ќе преминам
во тој далечен на светот предел.
Ги оставам блиските свои
го напуштам родот и домот свој.
Срцето ме влече овој час
на Христос да му служам јас.
Ах, збогум, мајко моја мила,
збогум останете сите вие,
ме нагони мене виша сила
накај горешта Индија...“

**Биљана Талевска – Димко**

Инспирирана сум од сопственото битие, но за да можам да продолжам да зборувам за жената од уметнички аспект, ја следам аурата на мајка ми и најнакрај за да напишам приказна допирам до секоја женска приказна што ми ги допрела ушиве. Можеби ќе звучи нескромно, за некои можеби и дури еретично, но во моето творештво жената ја почитувам како полубожество.



**Богоја ТАНЕВСКИ**
**ЖЕНАТА – МУЗА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО**

Според грчката митологија зборот Муза означува божица, заштитничка на некоја уметност, а повеќето се однесувало на поетското творештво. Во грчката митологија постоеле девет Музи, според имињата на деветте ќерки на богот Зевс и Мнемосина:



1. Калиопа – била заштитничка на епската поезија и говорништвото.
2. Полихимнија – заштитничка на хорската и лирската поезија (сериозна поезија).
3. Мелпомена – заштитничка на трагедијата.
4. Талија – заштитничка на комедијата, (подоцна на целиот театарски живот).
5. Ерато – заштитничка на елегиите.
6. Евтерпа – заштитничка на музиката.
7. Терпсихора – заштитничка на танцот.
8. Клио – заштитничка на историјата.
9. Уранија – покровителка на астрономијата.

**Добре Тодоровски**
**ЖЕНСКИОТ ЛИК – ИНСПИРАТИВЕН МОМЕНТ**

Во моето творештво се опфатени сите категории на женски ликови, но најповеќе доминира мајката. Всушност, таа е најобична македонска жена-мајка, силна по природа, со мека душа, јака верба, кротка, неизбувлива и секогаш подготвена да подаде рака. Потребна ли е посебна елаборација, или само да се каже дека самата помисла преставува инспирација. Не верувам да може да се опише еден лик, особено кога се работи за жена, било тоа да е позитивен, носечки, споредлен или негативен, а при тоа истиот да не се замисли во авторовата фантазија.



# КОЛОСЕУМОТ – СИМБОЛОТ НА РИМ

*Приредила*
*Лидија Мирчевска, виш библиотекар*

Во Рим „Вечниот град", центарот на богатата античка цивилизација, се наоѓа Колосеумот, кој во 2007 год., е прогласен за едно од „Седумтте Нови Светски чуда. Тој е една од најпознатите градби во Рим – Италија, стара околу две илјади години.

Изграден бил во 80 год. од н. ера. Во него се одржувале гладијаторски борби, а според некои легенди и борби со бродови. Борбите на гладијаторите со крволочните зверови биле најпознати. Гладијаторите, воглавно биле робови, воени затвореници или криминалци.Овие игри царевите им ги подарувале на својот народ. Пред почетокот на борбата, гладијаторите му се обраќале на царот со поздравот: „Ave Caesar, morituri te salutant", (Здраво цару, те поздравуваат оние кои ќе умрат). Ретко кој гладијатор ќе останел жив. За неговата судбина на крајот од играта, одлучувал самиот цар, давајќи знак со раката (ако неговиот палец од раката бил свртен надолу, тоа значело дека победникот треба да го убијат, а доколку палецот му бил нагоре – тогаш победникот ќе преживеел) . Според некои легенди во Колосеумот се одржувале и поморски битки со вистински бродови; за таквите настани целата арена се исполнувала со вода, а каналот за доток на вода, се уште се наоѓа под црквата „,Св. Климент", во непосредна близина на Колосеумот.

Колосеумот имал места за околу 50.000 гледачи. Според некои записи во случај на пожар, тој би се испразнил за 5 минути, затоа што во него имало 76 влезови и излези. Оваа величенствена градба е најголемиот амфитеатар во времето на Римското царство. Неговата градба ја започнал императорот Vespasian, кој управувал во Рим од 69 до 79 год. од н. ера, а ја довршиле неговите синови – императорот Titus, кој дошол на власт во 80 год. од н. ера и помладиот императорот Domician, кој дошол на власт во 81 год. од н. ера.



Во почетокот Колосеумот се нарекувал Флавијанов амфитеатар. Неговото име е променето покасно во Колосеум, по огромната (колосална) статуа на царот Нерон, висока 40м, која стоела во близина на амфитеатарот. Со текот на годините Колосеумот претрпел многу оштетувања и обновувања; за тоа биле причина земјотресите, поплавите и пожарите. После 20 векови, само една третина од овој амфитеатар останал сочуван, но неговите декорации од мермербиле уништени.

Во 18 век, папата Бенедикт XIV го прогласил колосеумот за Свето место, како симбол на христијанското мачење и страдање. Оваа импозантна градба била со елипсеста форма, долга189 метри, широка156 метри и висока 47 метри. Се состоела од четири спрата. Однадвор била отворена со некој вид на тераси со отвори, кои наликувале на прозорци; градена е од големи блокови и метал, а внатрешноста украсена со мозаик и религиозни слики. Во гледалиштето имало посебни ложи за високите државни службеници.

Површината во внатрешноста од Колосеумот, каде што се одржувале борбите, исто така била со елипсета форма со димензии 85x35 метри. Таа од гледалиштето била одделена со висок зид, поради заштита на гледачите од дивите животни, кои се користеле во крвавите борби. Последните борби во Колосеумот се одржале во V и VI век од н. ера, а два земјотреси го оштетиле Колосеумот и тоа во 847 и 1231 година.

За овој величенствен комплекс на градежништвото и вајарството, симболот на Рим, на крајот ке кажеме: „Кој бил во Рим, а не го видел Колосеумот, како и да не бил таму".





# РАЗГОВОР СО ПИСАТЕЛОТ ПЕТРЕ ДИМОВСКИ

Прозаист, романсиер со објавени: збирки раскази „Преломи", „Жед и жештини", „Црната мачка", „Отворена слика"; романи: „Пламенка", „Резервна тајна", „Крилја", „Сонце во келијата", „Потрага по корените", „Изгубен пат", „Пожар", „Бродови", „Густа магла", романот за деца „Големата авантура", монодрамите „Ни свој", го приредил и изборот „Раскази за деца" од македонската книжевност. Главен и одговорен уредник е на списанието за книжевност, уметност и култура „Раст". Претседател на „Битолскиот книжевен круг".



Во својата писателска кариера писателот Петре Димовски има добиено околу триесет награди и признанија. Првиот негов дебитантски расказ беше награден на анонимниот конкурс на „Нова Македонија" во 1971 година, „Расказ за слепиот коњ". Тоа беше и причина да не се наврати повеќе на поезијата. Така започна и неговата писателска кариера во прозата. После нешто повеќе од четириесет години творештво Петре Димовски на 15 октомври 2012 година повторно е награден на анонимниот конкурс за краток расказ („Будење на вештините") на весникот „Нова Македонија". Но она што беше повод за нашиот разговор беше големото признание за Романот „Бродови», кој минатата година го издаде издавачката куќа „Панили" од Скопје, а беше поддржан со Програмата за издавачка дејност на Министерството за култура. Во конкуренција на 18 дела ја доби **наградата „Стале Попов" на Друштвото иа писателите на Македонија, за најдобра прозна книга објавена во 2011 година** што претставува голем успех не само за авторот, но и за Битолскиот книжевен круг и книжевна Битола.

Наградата на нисателот Димовски му беше врачена во преополнетата сала на Друштвото на писателите на Македонија, на свеченоста на 13 февруари оваа година, по повод 65-годишниата од основањето на писателската асоцијација, која се одржа под покровителство на претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов.

**Кажете ни нешто околу тоа, како започна Вашата писателска кариера?**

Многу рано ме магепса уметничкиот збор, и некаде уште во трето-четврто одделение почнав да ја откривам тајната на пишувањето, најпрво со гатанки, објавени во „Развигор", потоа песнички. Во годините што следуваа напишав многу песни, бројката веројатно беше преку илјада. Најголемиот дел од нив се изгубени во моите чести преселби, зачуван е еден мал дел. Не е зачувана и една моја поема, пишувана, под влијание на „Божествената комедија", на една тетратка во која имаше и обработена лек тира што му ја позајмив на свој соученик, но потоа се изгуби. Пишував за своја душа, песните не ги собрав во збирка. Во почетокот на седумдесетите години од минатиот век го напишав и првиот расказ, кој на конкурсот на в. „Нова Македонија", со расказите на Живко Чинго и Петре М. Анддреевски беше награден. Секако тоа беше и поттикот да продолжам со пишување раскази.

Следната година на конкурсот на Книжевната







младина, меѓу 47 ракописи, беше избрана мојата збирка раскази „Преломи“, која забележа голем одѕив кај критичарите и читателската публика, и тој период од младата македонска книжевност беше наречен „времето на демонот на парите“, по еден расказ од збирката. Највидните писателски пера се искажаа или пишуваа по оваа книга, (Веле Смилевски, Ефтим Клетников, Данило Коцевски, Атанас Вангелов, Гане Тодоровски, Благоја Иванов, Александар Спасов, Живко Чинго, Љубе Цветановски, Атанас Тасевски, Тришо Стојановски, Панде Манојлов, Науме Радичевски и др.), не ми е познато дали друга дебитантска книга од македонски автор побудила толкаво внимание, а беше номинирана и за сојузната награда



„Младост“ како претставник на Македонија. Додека бев студент, работев на расказот. Во период од три години, на конкурсите на „Нова Македонија“, „Студентски збор“ и Клубот на писатели поединечно за раскази добив 8 награди и приближно толку други раскази беа објавени во периодиката. Тие раскази требаше да ја сочинуваат втората моја збирка, но до сега таа збирка ја немам објавено.

**Зошто имавте прекин од повеќе години во Вашата писателска работа?**

Прекинот што го имав во пишувањето и издавањето се провлече преку две децении. Како дојде тоа? Па, во книгата „Преломи“ што ја објавив во 1973 година го засегнав проблемот на раселувањата на Македонците и откорнувањето од родното огниште. По истата расправал и це-ка на Сојузот на комунистите, и после таа расправа, некои критичари што ги имаа подготвено своите рецензии за објава, ги повлекоа. Кога по завршувањето на студиите се вратив во Битола, се судрив со еден проблем. Не можев да добијам работа. Од сите специјалности и профили, со факултетска диплома во Битола бевме само јас и Ѓорѓи Котевски, и двајцата од исти причини чекавме пет години додека да се вработиме. При една случајна средба Петар Целаковски, тогаш раководител на образованието во Битола, ме посоветува: „Што ти требаше да пишуваш за Австралија! Врати се во Скопје, овде нема да ти дадат работа.“ Не го послушав советот на Целаковски, па така чекав за работа цели пет години. Во тој период создадов семејство, три члена, без работа, а мораше да се гради и куќа. Па кога влегов на работа, ја започнав и градбата на куќата, која се провлече повеќе години, бидејќи буквално сите фази во градбата самиот ги извршував. Сигурно тука лежи причината за големата пауза во пишувањето.

**Кои се темите во Вашето творештво, романи, монодрами, раскази?**

Еден дел од моето творештво е поврзан со печалбарскиот живот на Македонецот, но тука се и темите од историското минато, војните во кои нашиот човек






бил орудие на моќни сили, Македонци кои во свое време сè што можеле дале за својот народ, а страдале и биле прогонувани од Македонци, потоа криминалот во транзицијата како и теми од секојдневието.

**Честопати во Вашите романи, Австралија ви е инспирацијата?**

Имав два престои во Австралија кога одблизу го запознав печалбарскиот живот и го пренесувам во делата како лично искуство.

**Секако дека за Вашата вредност зборуваат и наградите добиени на анонимни конкурси. Деновиве добивте и награда на анонимниот конкурс на весникот „Нова Македонија"? Кажете ни нешто повеќе за тоа?**

Конкурсите за краток расказ, посебно тој во „Нова Македонија" кој започна во шеесеттите години на минатиот век, се место каде авторот може да се провери и да се потврди. Кога повторно му се вратив на пишувањето, се испробав на овој конкурс и во првите неколку години имав пет награди. Со објавувањето на првиот мој роман „Пламенка", за кој во 1995 година ја добив првата награда на БИД „Мисирков" повеќе се свртив кон романот како форма во која можам поцелосно да се искажам. Потоа, следи наградата „4 Ноември" на Битола за збирката раскази „Жед и жештини", наградата „Тренд" на „Феникс" за романот „Балканскиот ѓавол", наградите „Ванчо Николески" за романот Големата авантура и „Стале Попов" за романот „Бродови" на Друштвото на писателите на Македонија, шест награди за монодрами и повеќе награди за раскази.

Но наполно не го напуштив расказот. Потврда за тоа се секако наградите од минатата и од оваа година што ги освоив на конкурсот на „Нова Македонија".

**Вие сте искусен писател кој изградил свој стил. Вие подолго време работите како професор по македонски јазик, дали сте и писател кој директно ја пренесува својата порака до читателот и која е таа?**

Пораката секогаш била читателот да побара добра книга и да ја прочита.

**Со кои од македонските писатели сте добар пријател? Дали некој од нив бил и Ваша инспирација, или Вие сте се идентификувале со некој странски писател?**

Па голем дел од македонските писатели ми се пријатели, а соработувам приближно со сите, преку органите и телата на ДПМ во кои сум вклучен, потоа преку списанието на Битолскиот книжевен круг „Раст" и манифестацијата „Битолски книжевни паметења", и преку книжевните организирања во државата. Драго ми е разменувањето на мислења со Владимир Костов. Настојувам да градам индивидуален пат и немам конкретна идентификација со некој писател.



**Претседател сте на Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг", и главен и одговорен уредник на списанието за книжевност, уметност и култура „Раст". Кажете ни нешто повеќе за тоа?**

Во асоцијацијата „Битолски книжевен круг" членуваат еминентни македонски творци што живеат и работат во Битола, и неколку имиња во дијаспората, што го прави Битола втор град по масовноста и по книжевното дејствување. Списанието „Раст", кое го издава асоцијацијата, финансиски го помага Министерството за култура. Кругот работи и на развивање на издавачката дејност, каде свои книги објавуваат битолски автори, а во соработка со НУУБ „Св. Климент Охридски" од Битола ја воспостави и литературната манифестација „Битолски книжевни паметења", за која финансиска поткрепа даваат Општината Битола и Министерството за култура на Република Македонија.

**Каква литература најрадо читате?**

Некогаш читав сѐ што ќе ми дојдеше до рака за да го задоволам големиот глад за читање. Сега, како прозаист, романсиер, каде творењето одзема многу голем дел од времето, малку ми преостанува време за читање, а во тоа време што преостанува читам изворно англиски да имам поширок увид како се пишува во светот.

**Во слободното време, доколку го имате, со што се занимавате?**

Настојувам слободното време да го минам во природа, во прошетка по планините, а и во еден мал овоштарник кој сам го одгледувам.

ИСПРАВКА: Во минатиот број 31-32 статијата со наслов ТАЦ МАХАЛ беше пропуштено името на приредувачот: ЛИДИЈА МИРЧЕВСКА, виш библиотекар

# МОСТОВИ НА ХУМАНОСТА

**Најновата поетска стихозбирка на Кире Неделковски со наслов "Моите мостови" е обемна духовна студија од сто песни.** Тематски цврста и по насловите на циклусите: "Моите мостови", "Македонски мостови" и "Меѓународни мостови" носи нови погледи на животот за минливоста и за хуманоста. Загледан во минатото на оваа земја, поетот го пренесува како тревога се она што оставило трага во неговата потсвест. Пее за Рацин, за Конески, за Гане Тодоровски и взаемната љубов на поетите кон Македонија. Но ги опева од свој агол, со своја лек-сика и со свои согледувања. Во скоро сите пес-ни примарна ехуманоста нагласена како метасро-ра мост и како порака која ќе остане во наро-дот и за народот.

Функцијата на мосто-вите ејасна и чиста за да ги пренесува луѓето каде што тргнале со добра мисла и каде што сакаат да стигнат. Мостовите се потреба за да се спојат континентите, луѓето и нивните потреби денес. Потребата станува уште поголема со шарените наслаги на идеолошките разлики меѓу народите.

Поетот, патувајќи по светов, ги согледал културните разлики и со стихови се обиде да ги спои и да ги премости. Затоа пее за Мајка Тереза, која цел живот се обидувала да биде мост меѓу Истокот и Западот, да биде мост над сите религии и голем мост за сиромашните кон богатите. А светов останува жеден и гладен со климатските промени. Низ поетската книга "Моите мостови" поетот ја отвора душата за да ги потенцира примарните светск проблеми и со подадена рака на хума-нист се обидува да ги надмине, ако е тоа мож-но. Ги поканува луѓето на дијалог како почеток на сите мостови. А дија-логот е духовна храна од која почнуваат про-мените. Тој оптимизам е присутен во сите песни на поетот. "Моите мосто-ви" е отворена книга која гласно говори за совре-мените потреби на на-шиот човек и на светски-те потреби кои ни се блиски со секојдневното прикажување преку ме-диумите. Ние знаеме што се случува кај нас и низ светов и брзо реагираме позитивно или негатив-но. Така и поетот пее за актуелни настани и за сопатници низ времето. А нив ги има многу како современици кои созда-ваат мостови на хуманос-та. Издавач на оваа нова стихозбирка е "Битолскиот книжевен круг".

## СРЦЕТО НА МАКЕДОНИЈА Е МОСТ

Како невидлива Порта е
Низ која влегуваат сите
Наши возбуди и воздишки
Слегуваат нашите сили и соништа
И кружат меѓу народот
Низ огромното Тело на родот.
Срцето на Македонија чука
Забрзано со векови
Во зборовите во резбите
Во иконите низ манастирите
Во задоволствата на мајсторите
Кои ја пренесуваат Светлината
Длабоко во нас
Тука... и понатаму...
Оооо... Срце наше од милиони срца
Создадено од предците
Имаш ли доволно љубов
За оние што доаѓаат
Да те храбрат и бранат
Да те слават со нови задоволства?...
Оооо... Срце наше отворено
Огромен Мост си
Меѓу народите и верите...

## РАЦИНОВ МОСТ

Рачно е
Изработуван
Меракот
Затоа е толку привлечен За
Минување
На ноќните желби.
Народот безмерно го сака
Дење го брани со зборови
Од надојдените Туѓи води
А ноќе го Преминува
Со
Прераскажување на историјата
Која се
Враќа во песните
И
Истекува во нас
Под
Мостот од месо
Со сите маки
Некаде во душата Истекува
Каде е подобро да се
Гради повторно
Сопствената судбина
Рачно.

## СТРУГА... ВРАЌАЊЕТО НА ГАНЕ ТОДОРОВСКИ ПРЕКУ МОСТОТ

Ми вели: „Само гледај и молчи
Слегов да направам некакво чудо
За да ги потсетам пријателите
Дека мислам за нив.
На сите поети
Ќе им ставам
Уште по една пијачка
За да се чудат
Од каде дојде пијалакот
Без порачка
И без видлив келнер"...
Јас љубопитно молчам
Гледам како поетите се вртат
Лево - десно
И коментираат:
„Ова мора да е
Постапка
На некој голем боем
Кој сака да се пошегува со
Сите"...

**ПРОЕКТ НА ВЛАДАТА НА РМ**
**„ПРЕВОД НА 1000 СТРУЧНИ И НАУЧНИ КНИГИ И УЧЕБНИЦИ“.**




ISSN 1409 - 9497